РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1333/4
05 -11- 2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54 - та седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-4631/1 од 03.10.2019 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ---------, член на Совет на Општина --------- **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдени преземани се мерки согласно своите надлежности , изречена е јавна опомена поради што нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 03.10.2019 година, поднесена е пријава против службеното лице ----------, член на Совет на Општина ---------- и оформен е предмет 09-4631/1 од 03.10.2019 година.

Во пријавата подносителот наведува дека службеното лице ------- извршува адвокатска дејност и ја извршува функцијата член на Советот на Општина ----------.

ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата, ги потврди истите и до --------- достави известување и барање за постапување затоа што покрај извршувањето на адвокатската дејност, ја извршува и функцијата член на Советот на Општина ------------.

Имено, ДКСК констатира дека наведеното лице во конкретниот случај се наоѓа во состојба на судир на интереси, бидејќи во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси има статус на службено лице и извршува јавни овластувања и должности како член на Советот на Општина ---------. Статусот на избрано лице, ја оневозможува во исто време да врши адвокатска дејност бидејќи тоа е спротивно на член 44 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 24 став 1 од Законот за адвокатура.

Службеното лице --------- во законски предвидениот рок не постапи по горенаведеното барање од ДКСК, односно достави Одговор со кој образложува дека нема да постапи по барањето на ДКСК, бидејќи смета дека во нејзината ситуација не постои состојба на судир на интереси, по што ДКСК донесе мерка Јавна опомена која беше доставена до службеното лице и медиумите. Покрај изречената мерка, ДКСК достави и прекршочен платен налог до ---------- поради непостапување по доставеното барање за отстранување на констатираната состојба. Службеното лице не изврши уплата на прекршочниот платен налог, поради што ДКСК достави Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК, од каде беше донесено Решение дека истата е одговорна, односно не постапила по барањето на ДКСК и изречена и е Глоба во износ од 500 евра.

По завршување на Локалните избори 2021 лицето ---------- не ја извршува повеќе функцијата член на Советот на Општина ---------, по што настаната е промена на фактичката состојба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК